Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-489/2
11.07.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-489 од 4.7.2024 година, поднесена од [redacted], со адреса на живеење на [redacted] против Амбасада на Република Северна Македонија во Норвешка, со седиште на Erling Skjalgssonsgate 19 B, 0267 Осло, за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 5.7.2024 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката заведена под архивски број 08-489/1 од 4.7.2024 година поднесена од [redacted] против Амбасада на Република Северна Македонија во Норвешка ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 4.7.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Амбасада на Република Северна Македонија во Норвешка, за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа.

Подносителот пријавува загриженост во врска со постапката за отпуст од македонско државјанство. Имено, тој отпочнал постапка за отпуст на 3.3.2023 година, но сè уште нема добиено одговор, иако поминало повеќе од една година. Во меѓувреме ја известил амбасадата дека неговиот пасош бил украден. Бидејќи е во процес на откажување од македонското државјанство, наведува дека не би сакал да аплицира за нов пасош бидејќи тоа би било непотребен трошок. Доколку, пак, патува во Македонија, нема никаква документација или потврда дека е во постапка и дека поднел барање за отпуст од државјанство, освен уплата на банкарскиот износ и комуникацијата преку електронска пошта.
Наведува дека е разочаран од непрофесионалната комуникација на македонската амбасада во Кралството Норвешка и дека ваков однос од амбасадата не се случува првпат. Во однос на дискриминаторската основа, подносителот како можни основи ги наведува етничката и националната припадност и вели дека не е единствен македонец кој се чувствува така.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,*

*уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*".

Надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се таксативно наведени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.
Во оваа насока, а по увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека не станува збор за прашања кои потпаѓаат под нејзина надлежност.

Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа.
Во конкретниот случај подносителот на претставката како дискриминација го наведува фактот што повеќе од една година не може да добие информација во однос на постапката за отпуст од македонско државјанство, меѓутоа истото не се заснова на некоја негова заштитна карактеристика, односно дискриминаторска основа. Исто така не постои ниту соодветен компаратор, односно друго лице во истата или слична ситуација кое било третирано поповолно, во однос на кој би се споредувал третманот на амбасадата кон подносителот на претставката.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот и утврди дека дека во конкретниот случај не се работи за прашања кои се во нејзина надлежност.

Комисијата го упатува подносителот на претставката да се обрати до Министерството за внатрешни работи кое е надлежно за донесување на Решението за отпуст од државјанство.

Скопје
11.7.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]